Трговско друштво за производство, промет и услуги
МОТОЦЕНТАР ДОО експорт-импорт
Бр. 03-4874/1
07.11. 2024 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03- 11290/1
Датум: 06-11-2024

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки –
автомобилски гуми

Склучен помеѓу:
1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Трговско друштво за производство, промет и услуги Мотоцентар ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на бул. „Србија" бр.10 Скопје, претставувано од Горан Гроздоски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка на автомобилски гуми за потребите на службените возила на Министерството за финансии со вклучена монтажа и балансирање, како и чување/складирање на гумите, спроведена по оглас 13623/2024.

Детална спецификација за автомобилските гуми што се предмет на набавката (марка, тип, димензии, модел и други технички карактеристики на гумите) е дадена во понудата како прилог кон договорот.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Вкупната максимална вредност на договорот изнесува 2.000.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност на износот од став 1 на овој член изнесува 360.000,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот изнесува 2.360.000,00 денари со пресметан данок на додадена вредност.

Единечните цени за автомобилските гуми се дадени во понудата како прилог кон договорот.

Договорниот орган го задржува правото да не ја набави целата количина на гуми предвидена во договорот.

III. РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 3

Место на извршување на набавката е Скопје, а доколку избраниот носител на набавката има вулканизерски сервис и во други градови на територијата на Република Северна Македонија, набавката може да се извршува и во тие сервиси за возилата кои гравитираат кон нив.

Носителот на набавката испораката ќе ја врши сукцесивно во период од 2 (две) години по добиена писмена нарачка од договорниот орган, но не подолго од 20 календарски денови од денот на приемот на порачката од страна на договорниот орган. Годината на производство на гумите кои ќе се монтираат на возилата на договорниот орган не треба да е постара од 2024 година.

Договорниот орган се обврзува приемот на гумите да го потврди на придружниот документ издаден од носителот на набавката (испратница), со потпис, цело име и презиме и број на лична карта на лицето што ќе го определи договорниот орган за прием на гумите.

IV. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Договорниот орган плаќањето ќе го врши по извршената испорака според секоја писмена порачка и тоа во рок од 30 календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на Министерството, комплетирана со уредно потпишана испратница за извршена испорака, гаранциски лист и доказ дека испорачаните гуми се произведени најмалку во 2024 година.

Фактурата за извршената испорака и монтажа се доставува на договорниот орган на следнава адреса: Министерство за финансии ул.„Даме Груев“ бр.12 Скопје.

V. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 5

Носителот на набавката се обврзува автомобилските гуми што ќе ги испорачува на договорниот орган да бидат според техничките карактеристики дадени во понудата.

Носителот на набавката се обврзува дека испораката, монтажата и балансирањето на гумите ќе го извршува според рокот утврден во член 3 од овој договор.

Носителот на набавката се обврзува дека автомобилските гуми што ќе ги испорача ќе бидат произведени најмалку во 2024 година.

Носителот на набавката по доставено барање на договорниот орган се обврзува заменетите гуми да ги чува во својот магацински простор по барање на договорниот орган, а по барање на договорниот орган повторно да ги монтира и да ги балансира гумите на возилата на договорниот орган.

Избраниот носител на набавка ќе има обврска во текот на времетраењето на договорот за јавна набавка, да го извршува предмет на договорот за јавна набавка и за сите останати моторни возила кои договорниот орган дополнително ќе ги стекне, во согласност со условите дефинирани во договорот. Доколку договорниот орган се стекне со возила со гуми со различни димензии од предвидените во техничките спецификации носителот на набавката ќе достави понуда, а по прифатената понуда и доставената порачка гумите ќе бидат монтирани.

## VI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 6

Договорниот орган доставува писмена порачка до носителот на набавката за монтажа на автомобилските гуми. Во порачката се наведуваат возилото на кое треба да се монтираат гумите и моделот/типот на гумите како и количината.

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши на начинот и во рокот утврдени во член 4 од овој договор.

## VII. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 7

Договорот е со важност од 24 (дваесет и четири) месеци од денот на неговото потпишување од двете договорни страни или до негово вредносно исполнување.

## VIII. ГАРАНЦИЈА И РЕКЛАМАЦИИ

### Член 8

Носителот на набавката за гумите дава гаранција за квалитетот во времетраење од 24 (дваесет и четири) месеци сметано од денот на испораката, со која гарантира дека гумите се без дефекти во материјалот и изработката, и се во согласност со прифатените стандарди во Република Северна Македонија.

Гарантните услови се дадени во гарантниот лист.

Во случај на рекламација на квалитетот на гумите договорниот орган веднаш писмено го известува носителот на набавката.

Носителот на набавката се обврзува веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена по

добивањето на известувањето за рекламацијата, да ја прегледа рекламираната гума и да даде одговор по рекламацијата.

Во случај на недобивање на одговор од страна на носителот на набавката, договорниот орган има право да бара замена на рекламираната гума и без разлика на одговорот од страна на носителот на набавката.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 9

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт.

Со гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начин и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Овој договор може да се раскине во согласност на двете договорни страни.

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

### Член 11

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата од договорната страна која не ги исполнила своите обврски од договорот.

Член 12

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен, дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во рокот утврден со овој договор или не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот.

XI. ВИША СИЛА

Член 13

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови од поголеми размери и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради настанување на виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

XII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорени страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Член 15

За сé што не е предвидено со овој договор се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 16

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 17

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 18

Овој договор е склучен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија | Трговско друштво за производство, |
| Министерство за финансии | промет и услуги |
| Скопје | Мотоцентар ДОО експорт-импорт |
| | Скопје |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Горан Гроздоски |
| Министер за финансии | Управител |

Изработил: Панче Чоневски
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Согласен: Андриана Матлиоска

Прилог 1

ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

Врз основа на оглас објавен од страна на Министерството за финансии, за доделување на договор за јавна набавка на стоки – автомобилски гуми, со спроведување на поедноставена отворена постапка преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: МОТОЦЕНТАР ДОО

I.2. Контакт информации

- Адреса: бул. Србија бр.10, Скопје
- Телефон: +389 72 236 272
- Факс:
- Е-пошта: milos.velkovski@motocentar.com.mk
- Лице за контакт: Милош Велковски

I.3. Одговорно лице: Горан Гроздоски

I.4. Даночен број: 4030994203810

I.5. Матичен број на понудувачот: 4793404

**Дел II – ТЕХНИЧКА ПОНУДА**

Согласни сме да го извршиме предметот на набавката според барањата во Техничките спецификации дефинирани од договорниот орган кои се составен дел на тендерската документација.

| РБ | Опис | Мин. Тежински и Брзински индекс мин. | Шара | регулатива 2020/740 или еквивалентно | | | Единечна Мерка | Количина | Брепд |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Ефикасност за потрошувачка на гориво минимум | Контакт со влажен коловоз минимум | Надворешна бучава при движење на возилото максимум | | | |
| 1 | Премиум пневматици 275/45R20 | 110Y | летни | B | A | 70 | Парче | 5 | PIRELLI |
| 2 | Премиум пневматици 275/45R20 | 110V | зимски | C | A | 71 | Парче | 5 | PIRELLI |
| 3 | Премиум пневматици 205/55R16 | 91H | летни | B | A | 69 | Парче | 34 | CONTINENTAL |
| 4 | Премиум пневматици 205/55R16 | 91H | зимски | C | B | 67 | Парче | 34 | PIRELLI |
| 5 | Премиум пневматици 175/70R14 | 84T | летни | C | A | 69 | Парче | 40 | CONTINENTAL |
| 6 | Премиум пневматици 175/70R14 | 84T | зимски | D | B | 69 | Парче | 40 | CONTINENTAL |
| 7 | Премиум пневматици 165/70R14 | 81T | летни | C | A | 68 | Парче | 8 | CONTINENTAL |
| 8 | Премиум пневматици 165/70R14 | 81T | зимски | D | C | 69 | Парче | 8 | CONTINENTAL |
| 9 | Премиум пневматици 215/60R16 | 95V | летни | B | A | 69 | Парче | 8 | CONTINENTAL |
| 10 | Премиум пневматици 215/60R16 | 99H | зимски | B | B | 71 | Парче | 8 | PIRELLI |
| 11 | Премиум пневматици 225/60R18 | 104V | летни | B | A | 69 | Парче | 5 | PIRELLI |
| 12 | Премиум пневматици 225/60R18 | 104H | зимски | C | A | 71 | Парче | 5 | PIRELLI |
| 13 | 185/60R14 | 82H | летни | D | A | 70 | Парче | 72 | TOYO |
| 14 | 185/60R14 | 82T | зимски | D | C | 71 | Парче | 72 | NEXEN |
| 15 | 155/80R13 | 79T | летни | D | C | 68 | Парче | 12 | RIKEN |
| 16 | 155/80R13 | 79Q | зимски | E | D | 67 | Парче | 12 | RIKEN |
| 17 | 165/70R13 | 79T | летни | D | C | 68 | Парче | 4 | RIKEN |
| 18 | 165/70R13 | 79T | зимски | E | D | 68 | Парче | 4 | RIKEN |
| 19 | Демонтажа, Монтажа на Пневматик | / | / | / | / | / | Услуга | 1 | / |

| РБ | Опис | Шара | Единечна Мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (количина x единечна цена) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Премиум пневматици 275/45R20 | летни | Парче | 5 | 12.952,00 | 64.760,00 |
| 2 | Премиум пневматици 275/45R20 | зимски | Парче | 5 | 19.094,00 | 95.470,00 |
| 3 | Премиум пневматици 205/55R16 | летни | Парче | 34 | 5.416,00 | 184.144,00 |
| 4 | Премиум пневматици 205/55R16 | зимски | Парче | 34 | 5.359,00 | 182.206,00 |
| 5 | Премиум пневматици 175/70R14 | летни | Парче | 40 | 5.976,00 | 239.040,00 |
| 6 | Премиум пневматици 175/70R14 | зимски | Парче | 40 | 5.873,00 | 234.920,00 |
| 7 | Премиум пневматици 165/70R14 | летни | Парче | 8 | 4.715,00 | 37.720,00 |
| 8 | Премиум пневматици 165/70R14 | зимски | Парче | 8 | 4.825,00 | 38.600,00 |
| 9 | Премиум пневматици 215/60R16 | летни | Парче | 8 | 9.237,00 | 73.896,00 |
| 10 | Премиум пневматици 215/60R16 | зимски | Парче | 8 | 7.776,00 | 62.208,00 |
| 11 | Премиум пневматици 225/60R18 | летни | Парче | 5 | 7.958,00 | 39.790,00 |
| 12 | Премиум пневматици 225/60R18 | зимски | Парче | 5 | 10.779,00 | 53.895,00 |
| 13 | 185/60R14 | летни | Парче | 72 | 3.049,00 | 219.528,00 |
| 14 | 185/60R14 | зимски | Парче | 72 | 3.077,00 | 221.544,00 |
| 15 | 155/80R13 | летни | Парче | 12 | 1.827,00 | 21.924,00 |
| 16 | 155/80R13 | зимски | Парче | 12 | 1.947,00 | 23.364,00 |
| 17 | 165/70R13 | летни | Парче | 4 | 1.867,00 | 7.468,00 |
| 18 | 165/70R13 | зимски | Парче | 4 | 2.006,00 | 8.024,00 |
| 19 | Демонтажа, Монтажа на Пневматик | / | Услуга | 1 | 280,00 | 280,00 |
| 20 | Балансирање на Пневматик | / | Услуга | 1 | 350,00 | 350,00 |
| 21 | Складирање (чување) на гуми по сезона (СЕТ) | / | Услуга | 1 | 1.500,00 | 1.500,00 |
| 22 | Промена на вентил | / | Услуга | 1 | 100,00 | 100,00 |
| 23 | Поправка на Пневматик | / | Услуга | 1 | 400,00 | 400,00 |
| | | | | | ВКУПНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ | **1.811.131,00** |

## ДЕЛ III - ФИНАНСИСКА ПОНУДА

3.1. Единечните цени се следниве:

**3.2. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 1.811.131,00 *[со бројки]* (Еден милион осумстотини и единаесет илјади сто триесет и еден) *[со букви]* денари.**

**Вкупниот износ на ДДВ изнесува 326.003,58 денари.**

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 20 | Балансирање на Пневматик | / | / | / | / | / | Услуга | 1 | / |
| 21 | Складирање (чување) на гуми по сезона (СЕТ) | / | / | / | / | / | Услуга | 1 | / |
| 22 | Промена на вентил | / | / | / | / | / | Услуга | 1 | / |
| 23 | Поправка на Пневматик | / | / | / | / | / | Услуга | 1 | / |

**да се пополнат празните полиња во табелата, доколку не се пополнети бараните податоци понудата ќе биде отфрлена**

***Во единечната цена за пневматик, потребно е да се вклучат услугите за Промена на пневматиците, Промена на вентил и Балансирање**

IV. Гарантен рок

**Гарантниот рок изнесува 24 месеци (не помалку од 24 месеци).**
**ДА СЕ ПОПОЛНИ**

III.2. Нашата понуда е со важност од 120 денови сметано од датумот утврден како краен рок за поднесување на понуди.
III.3. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.
III.4. Ги прифаќаме начинот, местото и рокот за испорака на предметната стока, наведени во тендерската документација.
III.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки.
**Напомена: Економскиот оператор задолжително ги пополнува сите празни полиња во табелата и во образецот на понуда со бараните податоци, во спротивно понудата ќе биде отфрлена како неприфатлива.**

**НАПОМЕНА: Доколку понудувачот понудата ја поднесува како група понудувачи, со подизведувач, користи способност од друг субјект или има доверливи информации, понудувачот во прилог на понудата ги доставува и другите барани прилози.

## Дел IV - СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ПОНУДАТА:

IV.1. Нашата понуда е составена од следниве делови:

1. ОПШТ ДЕЛ,
2. ТЕХНИЧКА ПОНУДА,
3. ФИНАНСИСКА ПОНУДА,
4. ПРИЛОЗИ:

- Пополнет образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава за сериозност (Прилог 3),
- Изјава за докажување способност (Прилог 4) или Документи од точка 5.2 и Документи за докажување на способност од точка 5.3

Место и датум — Одговорно лице

Скопје, 10.09.2024 — ______________________________ (потпис*)

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*